# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОЦЕНА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.185 од 30.12.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за процена ("Службен весник на Република Македонија" број 115/10 и 158/11), во членот 2 став 1 точка 3 на крајот од реченицата се бришат точката и запирката и се додаваат зборовите: „или лице вработено во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија, кое има положено стручен испит за проценувач".

**Член 2**

Во членот 2 став 1 точка 4 на крајот од реченицата точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија".

**Член 3**

Во членот 6 став 1 алинејата 4 се брише.

**Член 4**

Во членот 7 став 1 по точката 1 се додава нова точка 2, која гласи:

„2) физичко лице вработено во банка или штедилница регистрирана во Република Македонија, кое има положено стручен испит за проценувач;".

Точката 2 станува точка 3.

**Член 5**

Во членот 47-а став 1 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен за банките и штедилниците во Република Македонија за која било активност или постапка, во кои тие се страна".

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".